**20180350583**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 февруари 2018 година.

Бр. 08-1330/1
20 февруари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16), во членот 11 став (1) точката 9) се менува и гласи:

„9) индивидуалните земјоделци – обврзници на данок на доход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (во натамошниот текст: индивидуалните земјоделци);“.

Член 2

Во членот 31 став (2) зборовите: „носителите на семејно земјоделско стопанство“ се заменуваат со зборовите: „индивидуалните земјоделци“.

Член 3

Во членот 38 став (6) зборовите: „носителот на семејно земјоделско стопанство“ се заменуваат со зборовите: „индивидуалниот земјоделец“.

Член 4

Во член 61 ставот (5) се менува и гласи:

„Право на семејна пензија по смртта на родителот има и дете со статус на лице со инвалидност утврден според прописите за социјална заштита и прописите за вработување на лица со инвалидност, без оглед дали било издржувано лице од осигуреникот или корисникот на пензија.“.

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) На дете со статус на лице со инвалидност утврден според прописите за социјална заштита и прописите за вработување на лица со инвалидност, кое е корисник на семејна пензија и заснова работен однос или врши самостојна дејност според прописите за вработување на лица со инвалидност, а по кој основ има задолжително социјално осигурување, му се запира исплатата на семејната пензија. По престанокот на задолжителното социјално осигурување продолжува исплатата на семејната пензија.

(7) Дете со статус на лице со инвалидност утврден според прописите за социјална заштита и прописите за вработување на лица со инвалидност, кое пред смртта на родителот засновал работен однос или започнал да врши самостојна дејност со задолжително социјално осигурување, има право на семејна пензија по смртта на родителот и престанокот на работниот однос или вршењето на самостојна дејност.“.

Член 5

Во член 111 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, а кои не се опфатени со правилникот од членот 110 од овој закон, како и ревизијата на тие работни места, ги утврдува Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење. Ревизијата се врши најдоцна во рок од пет години од денот на утврдувањето на работните места со стаж на осигурување со зголемено траење.“.

Ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„Утврдувањето на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење, ревизијата на тие работни места и ревизијата на работните места утврдени согласно со членот 110 од овој закон, Комисијата од ставот (1) на овој член го врши врз основа на елаборат за утврдување на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење, изработен согласно со Методологијата од ставот (4) на овој член.

Методологијата за утврдување на нормативи за изработка на елаборат за утврдување на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење, ја донесува министерот за труд и социјална политика.“.

Ставот (5) се брише.

Ставот (6) станува став (5).

Член 6

Во членот 125 став (4) точка 3) зборовите: „носителот на семејно земјоделско стопанство“ се заменуваат со зборовите: „индивидуалниот земјоделец“.

Член 7

По членот 162 се додава нов член 162-а, кој гласи:

„Член 162-а

(1) Во случај кога е истечено времето за кое е именуван директорот, а по распишаниот јавен конкурс не е извршен избор на директор, како и во случај на разрешување на директорот од членот 162 од овој закон, Управниот одбор донесува одлука за именување на вршител на должноста директор до именување на директор по распишан јавен конкурс, но не подолго од шест месеци.

(2) На одлуката за именување на вршител на должноста директор од ставот (1) на овој член согласност дава Владата на Република Македонија.“.

Член 8

Во членот 187 став (1) точка 1) зборовите: „носителите на семејно земјоделско стопанство“ се заменуваат со зборовите: „индивидуалните земјоделци“.

Член 9

Во членот 199 став (1) точка 3 зборовите: „носителите на семејно земјоделско стопанство“ се заменуваат со зборовите: „индивидуалните земјоделци“.

Член 10

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 15/13), членот 9 се брише.

Член 11

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 13

Започнатите постапки до денот на влегување во сила на овој закон, а кои се однесуваат за носителите на семејно земјоделско стопанство согласно со одредбите од член 11 став (1) точка 9, член 31 став (2), член 38 став (2), член 125 став (4) точка 3, член 187 став (1) точка 1 и член 199 точка 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16), ќе се завршат според одредбите од овој закон.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.